ДРЖАВНА МАТУРА

ДРЖАВЕН ИСПИТЕН ЦЕНТАР

МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК И ЛИТЕРАТУРА

ШИФРА НА КАНДИДАТОТ

ЗАЛЕПИ ТУКА

# МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК И ЛИТЕРАТУРА

**Време за решавање: 180 минути**

**јуни 2015 година**

**Шифра на ПРВИОТ оценувач**

Запиши тука:

**Шифра на ВТОРИОТ оценувач**

ЗАЛЕПИ ТУКА

## УПАТСТВО ЗА КАНДИДАТОТ

Внимателно прочитај го упатството. Не испуштај ништо.
Залепи ја едната шифра на означеното место на тестот (**„Шифра на кандидатот“**), а другата шифра на означеното место на **листот за одговори**.
**Не врти страници** и не почнувај со решавање на задачите сè додека не ти каже надгледувачот.
Тестот содржи задачи.
На задачите се одговара на еден од следните начини:
- со дополнување;
- со подвлекување делови во приложените текстови (зборови, група зборови, реченици, пасуси).

Внимавај на јазикот и на правописот во одговорите. **Пишувај читливо.** Нечитливите одговори и нејасните поправки се вреднуваат со нула (0) поени.
**И во тестот и во листот за одговори пишувај исклучиво со пенкало и со кирилско ракописно писмо.** Одговорите на задачите напишани со молив се вреднуваат со нула (0) поени.
Препишувањето е најстрого забрането. Сите идентични или слични текстови, како и текстовите испишани со различни ракописи се вреднуваат со нула (0) поени.
Покрај секоја задача е даден бројот на поените за точниот одговор.
За делот Пишување предвидено е да напишеш еден текст на тема по твој избор. Тестаторот ќе ти даде дополнителен лист на кој се напишани предложените теми и упатствата на задачата според кои треба да пишуваш.
**Ти посакуваме многу успех!**

© ДИЦ 2015

*ПРАЗНА СТРАНИЦА*

**1 Прочитај го внимателно извадокот од делото *Странецот* од Албер Ками и одговори на поставените прашања.**

„И ете господа, рече државниот обвинител.

Го опишав пред вас текот на настаните што го довеле овој човек да изврши убиство наполно свесно. (...) Зошто не се работи за обично убиство, за еден несвесен акт што би можеле да го судите со олеснителни околности. Овој човек, господа, овој човек е интелигентен. Вие го чувте, нели? Тој знае да одговара. Тој ја познава вредноста на зборовите. И не би можело да се рече дека постапил без да биде свесен за она што го прави.“

Јас слушав и чув дека ме сметаат за интелигентен. Но не сфатив добро како квалитетите на еден човек можат да станат страшно обвинение против обвинетиот. Во најмала мера, тоа ме вчудоневиди и веќе не го слушав обвинителот сè до моментот кога го чув дека рече: „Дали кога ѝ да е изразил каење? Никогаш, господа. За време на претресот ни еднаш овој човек не изгледаше возбуден од своето грозно злосторство.“ (...) Несомнено, морав да признаам дека тој имаше право. Не жалев многу за своето дело. Но таквата огорченост ме зачуди. (...)

(...) Всушност, јас воопшто и немам душа и дека ништо човечко и ниеден морален принцип што го чуваат срцето на луѓето не ми се пристапни. „Без сомнение, додаде тој, ние не можеме да му префрламе за тоа. За она што не го здобил, ние не можеме да го обвинуваме дека му недостига. Но кога се работи за овој суд попустливоста ќе биде сосема негативна добродетел и таа треба да се преобрази во онаа помалку лесна, но повозвишена – во добродетелта на правдата. Особено кога празнината на срцето таква каква што е откриена кај овој човек станува бездна во која би можело да падне општеството.“ Потоа, тој зборуваше за моето држење спрема мама. Тој го повтори она што го рече за време на претресот. Но неговото излагање сега беше многу подолго од она кога зборуваше за моето злосторство, дури толку долго што на крајот ја чувствував топлината на ова утро. (...) „Истиот овој суд, господа, утре ќе суди најгнасно злосторство: убиство на татко.“ Според него, воображението отстапува пред ова свирепо убиство. Тој се осмелува да се надева дека човечката правда ќе го казни без милост. (...) Според него, човекот што ја убил морално својата мајка се оградил од човечкото општество како и оној кој кренал убиивачка рака кон својот родител. (...) „Јас сум убеден господа, додаде тој, повишувајќи го гласот, дека не ќе ја сметате мојата мисла претерано смела, ако речам дека човекот што седи на оваа клупа е виновен исто така за убиство како и оној кого што овој суд ќе го суди утре. Тој треба да биде, според тоа, казнет.“ (...) Тој рече дека немам што да правам во општеството чиишто најосновни правила не ги познавам и дека не можам да апелирам на човечкото срце чии основни реакции не ги познавам. „Ја барам од вас главата на овој човек, рече тој, и тоа го барам од вас со лесно срце. Зошто ако во текот на мојата веќе долга кариера ми беше доаѓало да барам смртна казна, никогаш толку како денеска, не ја чувствував таа страшна должност, компензирана, барана, поткрепена од императивната и света должност и гнасењето што го чувствувам пред лицето на човекот во кое читам само нешто чудовишно.“

*(Албер Ками, „Странецот“, Култура, Скопје, 1968, 92-94)*

(1.1) Во која институција се случува дејството во наведениот извадок?

1 поен

(1.2) Кого убил Мерсо поради што е осуден?

1 поен

(1.3) Која особина на ликот на Мерсо се извлекува од обраќањето на обвинителот во овој извадок?

1 поен

(1.4) Која е пресудата на судиите во врска со вината на Мерсо?

1 поен

(1.5) Со кој митолошки лик се споредува животот на луѓето во модерниот свет, според Алберт Ками?

1 поен

(1.6) Зошто Мерсо не сакал да се сретне со свештеникот?

1 поен

(1.7) Која е последна желба на Мерсо поврзана со денот кога ќе биде извршена казната врз него?

1 поен

(1.8) Која награда за книжевност ја добил Албер Ками?

1 поен

**2** **Прочитај ги извадоците од романот *Големата вода* на Живко Чинго и одговори на прашањата.**

**1.**

Во што беше таа негова моќ. Многу непреспани ноќи, многу тешки денови ми донесоа само еден одговор, се колнам, тоа беше неговата човечка добрина. Тогаш ќе треба да раскажам за сѐ, о боже како умееше тој на мртвите, на неподвижните предмети, да им даде душа, да ги оживи да ги направи други, *вистинити*. Проклет да бидам вистинити. Едно време во домот, многумина се посомневаа во неговиот човечки пород, ги исплаши неговиот дух (иако најжестоко се проповедаше против религијата)-некои сепак се посомневаа во него, можеби тој беше плод на нечестиот. Проклет да бидам, плод на нечестиот. Од каде, инаку, кај него таа шилеста глава, шилести раменици, нели е тоа некој страшен, плоноќен заврзок на некоја несреќна девојка со злиот дух. Тој не донесе никаква карактеристика, не си споменувам некогаш ниту збор да рече за својата мајка, татко, браќа, сестри...

**2.**

Чудно беше тоа суштество, имаше женско име, а со сигурност може да се каже дека ништо убаво, нежно не извираше од него. Знаеше до бесконечност да измислува, да спроведува, да исполнува, да реализира акции. Проклет да тоа, -а к ц и и. Поправо, како умееше таа да измислува, тоа беше нешто особено спец. Неретко името ѝ се спомнуваше по рефератите, ѕидните весници и локалниот печат. Другарката Оливера Срезоска се истакнуваше како п р и м е р за бескласното општество, се колнам. Токму така, пример за бескласното општество.

Девојките пред неа се тресеа како лист на гранка. Проклет да бидам, како лист на гранка. Ако таа им induces речеше да лазат, тие без збор ќе легнеа наземи и ќе правеа така како што им беше заповедано. Просто така, како ќе заповедаше другарката Оливера Срезоска. Таа беше мајстор за казни, тоа мораме да го признаеме. Не, секакви казни, евтини, обични, веќе не ја задоволуваа. Сега и таа сфати-не вредеше човек да си ги валка рацете со ситни и безначајни работи. Другарката Оливера Срезоска или ќе спроведеше некоја значајна акција, или ќе треснеше. Во сето тоа другарката Оливера бараше содржина, с м и с л а. Нејзината жештина беше толку голема, а во исто време и толку ниска, мала, толку гнасна, што не можеше тукутака, просто, едноставно да се погодува.

**3.**

Никогаш не се изгубува сликата на *Големата вода*. Со неа копнежливата желба за Сентерлевиот рид како да добиваше реална смисла, како да беше можен, остварлив на некој начин овој чудесен, волшебен сон. *Големата вода* е недофатлива таа мора да е во срцето на човекот. Во неговиот сон. Проклет да бидам, за цело време додека бевме во домот јас и не си спомнувам дека некогаш нешто друго сум барал од животот.

*(Живко Чинго, „Големата вода“, Скопје: Мисла, 1982)*

(2.1) На кој период од развојот на македонската литература е претставник Живко Чинго?

1 поен

(2.2) Каде се случува дејството во романот „Големата вода“?

1 поен

(2.3) Наведи го името на нараторот во романот.

1 поен

(2.4) Кои се главни ликови меѓу децата во романот?

1 поен

(2.5) Со која доминантна одлика е окарактеризиран опишаниот лик на Исак – Кејтеновиот син во првиот извадок од романот?

1 поен

(2.6) Кој лик, сфаќајќи дека грешел во односот кон децата, доживува трансформација на крајот од делото?

1 поен

(2.7) Како е опишана Оливера Стрезоска во вториот пасус од вториот извадок?

1 поен

(2.8) Преку високиот ѕид децата ја гледаат големата вода. Што симболизира „*големата вода*“ за децата?

1 поен

**3** **Делот од науката за јазикот што ги проучува формите на зборовите, правилата за нивното градење и нивните граматички значења се нарекува:**

________________________________________

1 поен

**4** **Според тоа дали ја менуваат или не ја менуваат својата форма во исказот, зборовите се делат на:**

____________________ **и** ____________________

1 поен

**5** **Зборовите со спротивно значење се нарекуваат:**

________________________________________

1 поен

**6** **Туѓите зборови кои се среќаваат во сите развиени стандардни јазици, како на пример зборовите *<u>ректор</u>* и *<u>декан</u>* се викаат:**

________________________________________

1 поен

**7** **Продолжи ја низата на членувани форми од именката човек користејќи ги сите три низи на членски наставки:**

*човеков,* ____________________________________

1 поен

**8** **Вокативната форма (формата за обраќање) од именката господин гласи:**

________________________________________

1 поен

**9** **Како се именува првата словенска азбука што ја создале браќата Кирил и Методиј?**

1 поен

**10** **Која гласовна промена се забележува во примерот *<u>брег</u>* - *<u>брекче</u>*?**

1 поен

**11** **Препиши ги подметот и прирокот од реченицата:**
*Ние полека ги разгледувавме изложените експонати.*

1 поен

**12** **Образувај компаратив и суперлатив од придавката *<u>голем</u>*.**

1 поен

**13** **Каков вид заменки се *<u>овој</u>* и *<u>оној</u>*?**

1 поен

**14** **Од кој вид полнозначни зборови е составена акцентската целост сувó-грозје?**

1 поен

**15** **Во кој вид зависни реченици се употребуваат сврзниците *<u>кога</u>*, *<u>штом</u>*, *<u>пред да</u>*:**

1 поен

**16** **Тестаторот ќе ти даде дополнителен лист на кој се дадени две теми. Избери една тема и:**

13 поени

- напиши текст од 350 до 500 збора;
- почитувај ги правилата за композицијата на текстот (воведен дел, главен дел и заклучок);
- почитувај ги правилата на стандардниот јазик;
- мислите искажи ги јасно и поврзано со употреба на факти и аргументи;
- употреби соодветна лексика и стил во согласност со видот на текстот кој го пишуваш.

| јазик | |
| --- | --- |
| 1 | 2 |
| композиција на текстот | |
| 1 | 2 |
| содржина | |
| 1 | 2 |

**17** **Внимателно прочитај го текстот и одговори на прашањата.**

## ЛЕКЦИИ ЗА ИСТОРИЈАТА НА ФИЛМОТ

***За време на 11 децении, откако беа прикажани првите подвижни слики, снимени се околу половина милион филмови. Сакам да ве потсетам на некои филмови кои имаат големо значење за историјата на кинематографијата.***

**1.** Редиците пред њујоршките кино-сали и преполните тротоари со публика која нестрпливо го исчекува долго најавуваниот филм на Стивен Спилберг „Ајкула“ во далечната 1975 г. ги најавија филмовите кои денес ги означуваме како „блокбастери“. Споменатиот филм, а потоа и „Војна на ѕвездите“ и „Истерувач на ѓаволот“ се заслужни за модерната идеја за кино-хит кој подразбира огромна заработка и метеж пред кино-салите, потоа, скапи и примамливи рекламни кампањи кои предизвикуваат уште поголема хистерија и нетрпеливо очекување на премиерата на филмот, и најпосле, фабрикувани актерски ѕвезди кои благодарение на оваа индустрија за забава добиваат статус на обожувани личности.

**2.** Ако сметате дека поновите филмови не се иновативни, погледнете го филмот „Swiss Miss“ од далечната 1938 г., во кој глумат незаобиколните комични јунаци Стенлио и Олио (Laurel & Hardy). Во овој филм постои познатата сцена во која тие влечат клавир преку алпски мост, кога наеднаш здогледуваат горило како им доаѓа во пресрет. Во оваа надреална и комична сцена за првпат во историјата на филмот гледаме горило на филмското платно. Животното е комично, разиграно и насмеано и овој манир набрзо почнуваат да го користат многу холивудски комичари.

**3.** Неодоливата Ингрид Бергман и Хемфри Богарт станаа бесмртни во светот на филмот снимајќи го „Казабланка“. Овој филм многумина го вбројуваат меѓу филмските класици. Терминот класицизам во уметноста подразбира дека делото се одликува со чувство за ред, хармонија и урамнотеженост. Меѓутоа, филмовите како „Казабланка“ се полни со копнеж, турбулентни и лажливи емоции, но и специфичен визуелен идентитет. Обратете внимание на надреалното и неприродно осветлување кое го создава ефектот на замagленост кој, пак, кај гледачите асоцира на мечтаење и светот на соништата.

**4.** Вистинска прататковина на добрите и класични филмски остварувања е Јапонија, посебно оние на режисерот Јасуџиро Озу. Во овие филмови гледаме дека емоциите и просторот се во совршена рамнотежа, совршено избалансирани. Во повеќето филмови на Озу, темите се венчавки, семејство и специфичните односи меѓу различните поколенија. *Early Summer* (1951), *Tokyo Story* (1953) и *Floating Weeds* (1959) се негови најпознати филмови.

Во сцените со дијалози камерата често е директно насочена кон глумците и создава таков ефект што гледачот се чувствува како да е во средиштето на сцената. Исто така, тој не го користел типичниот начин на менување на сцените, туку меѓу сцените уфрлал и статични кои прикажуваат некои објекти или, едноставно, грубо ги „сечел“ сцените без вообичаеното замрачување или избледување на призорот. Ликовите најчесто или молчат или водат интелигентни, односно концизни и штури разговори. Често се служи со кадарот од перспектива на личноста која клечи, а често снимал и кадри од уште пониски перспективи.

**5.** Погледот од врвот на двокатниот лондонски автобус уште во далечната 1910 г. го инспирирал момчето со име Алфред Хичкок. Тоа многу му се допаднало и подоцна, кога станал режисер, т.н. *POV* (*point of view*) кадри стануваат негов заштитен знак. Тешко е да се замисли филмот „Вртоглавица“ без овие кадри. Во историјата на филмот ваквите снимки кои ја покажуваат гледната точка на одреден јунак и го прикажуваат светот онака како што тој го гледа станаа составен дел од психолошката анализа на јунакот. Познат е и фамозниот кадар т.н. *God POV*, односно „божја перспектива“, каде што воопшто не се гледа чија е перспективата во набљудување на призорот. Таков кадар Хичкок користи во познатиот филм „Птици“.

**(17.1) Кои филмови на Стивен Спилберг ги полнеле кино-салите и имале огромна заработка?**

1 поен

**(17.2) Кои актери глумат во филмот „Swiss Miss“ од далечната 1938 година?**

1 поен

**(17.3) Каков ефект предизвикува надреалното и неприродното осветлување во филмот „Казабланка“?**

1 поен

**(17.4) Кој филм се вбројува меѓу филмските класици?**

1 поен

**(17.5) Во чии филмови емоциите и просторот се во совршена рамнотежа, совршено избалансирани?**

1 поен

**(17.6) Кон кого е насочена камерата во сцените со дијалози, во филмовите на режисерот Јасуџиро Озу?**

1 поен

**(17.7) Кои кадри се заштитен знак за филмското остварување на режисерот Алфред Хичкок?**

1 поен

**(17.8) Снимките кои ја покажуваат сликата на светот онака како што ја гледа јунакот стануваат дел од:**

1 поен

*ПРАЗНА СТРАНИЦА*